Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 68/0306
07.04 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16-ти март 2023 година, врз основа на примена жалба од Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

**Текстот на Алфа ТВ, објавен на нејзиниот портал на 15 февруари, насловен „Конкурси на Министерство за култура: Книгата за љубовта за Гоце Делчев не помина, ама „Парадата на гордоста“ е проект од национален интерес“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 20 февруари 2023 година, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје поднесе жалба за текстот со наслов: „Конкурси на Министерство за култура: Книгата за љубовта за Гоце Делчев не помина, ама „Парадата на гордоста“ е проект од национален интерес“.

МАРГИНИ се жалат на неточно и нефер известување, говор на омраза. дискриминација и мешање факти и мислења, вест и коментар. Во жалбата се вели дека е неточно известувањето во делот во кој се вели дека за Парадата на гордоста се добиени средства од конкурсот на Министерство за култура. Жалителот смета дека станува збор за „најверојатно“ тенденциозна дезинформација. Ова од причина што доколку се напишало дека Фестивалот Викенд на гордоста добил средства, кај јавноста нема да се постигне истиот ефект на осуда и мразење како за Парада на гордоста. Понатаму се вели дека „коментирањето дека Парада на гордоста и Право па женско, културни настани кои преку културата ја промовираат родовата еднаквост и правата на ЛГБТИ луѓето, не се проекти од национален интерес се сторува дискриминација и се поттикнува говор на омраза и непочитување на различностите. Ова од причина што еднаквоста е уставна вредност, па оттука проекти кои промовираат еднаквост на каква било основа се проекти од национален интерес. Светогледот според кој националниот интерес се гледа како интерес на доминантната етничка група поврзан со нејзината историја, е исклучувачки и фашизоиден светоглед, преку кој се промовира етноцентризам и омраза кон различните.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Алфа ТВ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот Алфа ТВ во целост ги отфрли наводите во поднесената жалба, сметајќи дека се неосновани. Прво дека во текстот има неточното известување“. „Точно е дека во текстот објавен на нашиот сајт пишува „Парада на гордоста“, но тоа не е ниту тенденциозно, ниту дискриминирачки“ велат од АЛФА ТВ, додавајќи дека „овој термин е општо прифатен во јавноста, не содржи ниту говор на омраза, ниту какво било етикетирање.“ Новинарскиот текст во конкретниот случај неутрално го пренесува моменталниот амбиент кога е објавена веста и реакциите на културните работници и јавноста од една страна и реакцијата на министерката за култура од друга страна. Од Алфа ТВ сметаат дека во конкретниот случај жалбата е тенденциозно насочена кон спречување на еден медиум да не објавува тема која се однесува

на овој, за јавноста и медиумските работници, „котроверзен конкурс” со што со вака поднесената жалба се врши притисок врз слободата на информирање.

Исто така се вели дека неоснован е жалбениот навод дека во текстот наводно пишува оти „Парада на гордоста“ и „Прво па женско“ не се проекти од национален интерес. Во текстот стои „Реакции има многу, како на пример тоа дека книгата за љубовта на „Гоце Делчев’ е одбиена, но меѓу одобрените проекти од национален интерес се наоѓаат Парада на гордоста и феминистичкиот фестивал ‘Прво па женско“. Од овие причини жалбениот навод е неоснован бидејки текстот не е во насока на тврдење дека одреден проект добил средства туку дека министерката се чувствува навредено од реакциите на јавноста и коментарите на културните работници изнесени јавно по повод одлуката на Министерството за култура кои проекти ќе добијат средства како проекти од национален интерес.

Во одговорот се потенцираа и дека „подносителот на жалбата оди дотаму што извлекува произволни заклучоци дека наводно медиумот има „исклучувачки и фашизодиен светоглед“. Што за телевизијата е крајно тенденциозно, недолично и неосновано. Конкретниот навод е субјективен вредносен суд на подносителот на жалбата како цитиран говор на омраза кон слободното новинарство презентирам во жалбата преку искажан анимозитет на подносителот на кон АЛФА ТВ.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови оцени дека во текстот е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија. Исто така утврди дека нема неточно и нефер известување и дека нема говор на омраз, а на што се повикуваше жалителот, а нема мешање факти и мислења, вест и коментар.

**Член 10**
*Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…).*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата на 16 март 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврשија увид во содржината на текстот. Комисијата, најнапред,

утврди дека се работи за информација од јавен интерес. Распределба на средства културни настани од национален интерес.

Во расправата за текстот на Алфа ТВ од страна на мнозинството членови беше констатирано дека во целост во него нема експлицитен исказ на дискриминација или говор на омраза, иако кон такво значење насочува, пред се, насловот во текстот. Исто така такво значење имплицира реченицата во која се вели дека во јавноста имало многу реакции за тоа дека не се дадени средства за книга посветена на револуционерот Гоце Делчев, но дека се доделени средства за „Парадата на гордоста“ и фестивалот „Прво па женско“. Начинот на кој е врамена темата во овој дел од текстот, преку намерната споредба токму со овие два настани, упатува јасна порака до публиката за тоа дека и двата настани што ја симболизираат акцијата на граѓанските активисти за еднаквост и права на групите што се дискриминирани врз основа на пол, род и сексуалната ориентација не треба да сметаат на поддршката од државата. Реченица што следува после споредбата, впрочем, го потврдува ваквиот заклучок.

*“Реакции има многу, како на пример тоа дека книгата за љубовта на „Гоце Делчев„ е одбиена, но меѓу одобрените проекти од национален интерес се наоѓаат Парада на Гордоста и феминистичкиот фестивал „Прво па Женско“, и двата финансирани со 395.000 денари. Таа не знаеше колку пари од колачот се одобрени за многубројните организации и здруженија* ***чија дејност немаат никаква врска со националниот интерес****.“*

Според некои членови на Комисијата во текстот е направена споредба која не е соодветна. Со што може да се зборува за прикриена цел за дискриминација на одредена група. Исто така и дека споредувањето на дела за Гоце Делчев со фестивал кој промовира права на одредена категорија на луѓе, е со дискриминаторска конотацијата,  дека државата од буџетот издвојува непотребно пари за оваа заедница.

Одделни членови сметаа дека жалбата треба да се отфрли затоа што нема прекршувања на Кодексот. Дека Коалицијата Маргини користи една реченица од подолго известување за доделените средства од Конкурсот на Министерството за култура за проекти од национален интерес. Користејќи ја оваа реченица жалителот прави цела приказна за наводно  неточно и нефер известување, за говор на омраза, за дискриминација и за мешање факти и мислења и вест со коментар.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595